MAXIMA TOURS

**МАКСИМА ТУРС – СКОПЈЕ**
Бул.Јане Сандански 82/1,ТЦ БИСЕР –локал 16
Тел: 070 254 791;075 359 006
maximatours@yahoo.com; www.maximatours.mk

# САРАЕВО И МОСТАР

**ПРВ ДЕН 30.04.2026 (ЧЕТВРТОК)-Скопје-Сараево**

Состанок на групата пред хотел Русија.Состанок на група во 22:00 часот за Сараево. Ноќно возење преку Србија.

**ВТОР ДЕН 01.05.2026 (ПЕТОК)-Сараево**

Пристигнување во Сараево каде следува разглед на градот со локален водич.Сараево е поделен на 3 дела, Отомански дел каде се наоѓа Башчаршија, Австро-Унгарски дел каде се спојуваат културите и доминираат австро-унгартските градби и Југословенски дел.Кога ќе шетате ќе се почувствувате како да влегувате од град во град.

Разгледот ни започнува кај Vjecnica, нај репрезентативната зграда во Сараево која се наоѓа покрај реката ,,Miljacka’’. Продолжуваме кон Башчаршија, симболот на градот каде ќе имате можност да ги вкусите Сараевските ,,Cevapi kaj Zeljo’’ и Сараевскиот бурек. Ќе ја видите Џамијата Гази Хусреб Бег или позната како Беговата Џамија која е прва џамија во светот во која се изработени електрични инсталации како и внатрешно електрично осветлување. Сместена во срцето на Башчаршија, Беговата џамија е мета на многубројните туристи од цел свет. Оваа џамија заедно со саат-кулата е застапена во многу филмови, пред сѐ во филмови од документарен карактер а најпознатиот филм е Валтер го брани Сараево, ќе дојдете до точката каде се спојуваат културите на истокот и западот, местото каде е формирана EX YU групата INDEXI ќе го видите хотел Европа кој е најстариот хотел во Сараево каде престојувал Тито и ,,Vjecna Vatra’’. Вечниот оган е споменик на воените и цивилните жртви од Втората светска војна во Сараево. Споменикот е изграден на 6 април 1946 година, на првата годишнина од ослободувањето на Сараево од германската окупација. За време на опсадата на Сараево пламенот на споменикот бил изгаснат бидејќи во градот немало гориво. На крај на разгледот ќе го видите местото каде е убиен Франц Фердинанд од страна на Гаврило Принцип на 28 јуни 1914 година и со ова убиство започнува почетокот на Првата Светска војна и Латински мост кој е еден од најстарите мостови во главниот град. По разгледот следува слободно време за индивидуален разглед. Препорачуваме да ја посетите најстарата пивница во градот ,,PIVNICA HS’’ која е од 1864 година. Сместување во хотел. Ноќевање.

**ТРЕТ ДЕН 02.05.2026 (САБОТА)- БУНКЕРОТ НА ТИТО - ЈАБЛАНИЦА (БИТКА НА НЕРЕТВА) - ИЗВОРОТ ВРЕЛО БУНЕ И МОСТАР**

**Појадок во хотел.** Бидете спремни за еден долг и прекрасен ден  Денот ни започнува со посета на Бункерот на Тито.
Бункерот, со површина од 6.500 метри квадратни, се состои од над 100 мали простории, канцеларии, конференциски сали, опремени со едноставен мебел и задолжителен портрет на Тито. Јосип Броз Тито започнал со изградба на овој бункер во раните 50-ти години во близина на Босанскиот град Коњиц. Неговата цел била да ја прими владеачката класа во случај на нуклеарен напад. Објектот е наречен Д-О „АРЦ". Изграден е под превезот на тајност од 1953 до 1979 година за време на Студената војна. Завршен е една година пред смртта на Тито. Бункерот со длабочина од 270 метри е опремен со најмодерна технологија од минатиот век. Машина за пишување, фиксни и други средства за комуникација.
Доколку има патници кои не сакаат да го посетат бункерот, имаат слободно време за прошетка/кафе низ Коњиц. По разгледот на Бункерот на Тито групата ќе има можност да го посети местото Јабланица каде била битката на Неретва. Битката на реката **Неретва** била една од најепските битки за време на Втората светска војна во Југославија. Во доцната 1942 година, германското високо командување било загрижено поради можноста за слетување на Сојузничките сили на Балканот. Затоа, Адолф Хитлер наредил офанзива со цел нарушување на централното командување на партизанското движење во централна БиХ. Пресвртницата на битката се случила кога силите на партизаните го уништиле добро обезбедениот мост над реката Неретва за да го забават напредувањето на германската армија.
Оваа битка е "Bitka za Ranjenike" која била 4-та непријателска офанзива на НОВЈ. Битката била овековечена во 1960-те со снимањето на филмот „Битката на Неретва" во кој, меѓу другите холивудски актери, главните улоги ги толкуваат Јул Бринер и Орсон Велс. Постерот за филмот бесплатно го изработил Пикасо. Ќе имате можност да го видите срушениот мост и возот каде имало пруга. Попатно како ќе се движите према Херцеговина ќе ги видите најубавите клисури низ овој дел, дефинитивно ќе уживате во погледот и ќе ја гледате реката Неретва.
Претпоследната посета за овој е изворот Врело Буне кое се наоѓа на само 12 километри од Мостар. Овој извор е втор по големина во Босна и се смета за еден од најсилните извори во Европа, над изворот силно се издигнуваат карпи кои достигнуваат висина од 240 метри. Самата река Буна тече девет километри и се влева во Неретва кај селото Буна. Реката Буна е лева притока на Неретва. Различните нијанси на зелено и тиркизно и високите карпи ја зачувуваат оваа природна убавина,глетка која нема да ја заборавите така лесно. Околу изворот има ресторани каде ќе уживате во природата и вашето кафе. Врело Буне е меѓу најатрактивните локации на сите инстаграмџии.
Денот го завршуваме со посета на Мостар еден од најубавите градови во Босна и

Херцеговина, кој името го добил по чуварите на мостовите на реката Неретва (мостари) на чиј брег е послан градот. Прошетка до Стариот мост ( кој заедно со стариот дел на градот во 2005 е ставен на листата на УНЕСКО), кулата Келебија, Саат кула, Крива Чуприја (еден од најстарите споменици кои датираат од османлискиот период), старата Мостарска чаршија која се наоѓа на левиот брег на реката Неретва...
Мостар никој не го остава рамнодушен, еднаш штом ќе го посетите никогаш нема да саката да го напуштите.
Во Мостар ќе имате можност да се возите со глисери, се поминува низ стариот мост, крстарењето трае кратко но е доста атрактивно. Од другата страна на мостот има населба со колоритни згради. Овде дефинитивно ќе ги направите најубавите фотографии.
По завршивање на разгледот слободно време и можност за ручек или кафе во автентичен стил во старата чаршија со поглед према “Стариот мост” кој претставува симбол на градот Мостар, но и на Босна и Херцеговина. Враќање во хотел. Посета на паб доколку има интерес од страна на групата.

**ПОСЛЕДЕН ДЕН 03.05.2026 (НЕДЕЛА)- БОСАНСКИ ПИРАМИДИ - ВИШЕГРАД - СКОПЈЕ**

Појадок во хотел. Посета на Босанските Пирамиди. Ќе го посетите тунел Равне. Непосредно под долината на пирамидите се наоѓа праисториски подземен лавиринт од 1,7 км должина. Ве водиме низ лавиринтот чии тунели се остветлени, за да ја откриете лековитата моќ таму. Се верува дека високата концетрација на јони го чисти вашето тело. Посетата на тунелот позитвно влијае на вас,посебно доколку имате проблеми со кашлица или
синуси. Циркулацијата на воздухот е извонредна и се постигнува со различните висини на таванот што предизвикува различен воздушен потисок и природна вентилација.
Заминување кон Вишеград, едно мало градче во Босна и Херцеговина, кое се наоѓа на сливот на реките Рзав и Дрина. Место каде две култури, два света се спојуваат преку надалеку познатиот Мостот на Дрина, претставен пред светот од Иво Андриќ. Во Вишеград ќе имаме можност да го посетите и Андриќград кој е познат како и Каменград а инвеститор е познатиот тенисер Новак Џоковиќ. Како културен центар изграден по иницијатива на Емир Кустурица а за туристи официјално е отворен во 2012 година. Слободно време за прошетка или Крстарење по Дрина. Заминување кон Македонија. Пристигнување после полноќ во Скопје на 04.05.2026 (понеделник)

**РЕДНОВНА ЦЕНА: 129 € /  8.000 мкд**

**ПРОМО ЦЕНА 109 ЕВРА / 6.760 МКД ЦЕНА**

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА:**

-Автобуски превоз (Штип, Кочани, Велес, Скопје и Куманово)

-2 ноќевања со појадоф во хотел со 3*

-Разглед на Сараево со локален водич

-Туристички придружник

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ ВКЛУЧУВА:**

- Пакет Неретва (Бункерот на Тито, Јабланица,изворот Врело Буне и Мостар ) - 60 евра

*Влезница за бункерот не е вклучена во цената и чини 20 евра по лице.

- Посета на Босанските пирамиди (тунел Равне)- 25 евра од лице

-Туристичка такса- 5 евра од лице за 2 ноќевања

**НАПОМЕНИ:**

- Агенцијата го задржува правото за отказ на аранжманот најмногу 5 дена пред тргнување.
- Превозот дали ќе биде со автобус или комбе зависи од бројот на патници.
- За реализација на патувањето потребно е минимум од 45 патници.
- Цените се дадени во евра, уплатата исклучиво се врши во денарска противвредност по курс 1 евро = 62 мкд
- Важност на патните документи минимум 3 месеци по завршувањето на патувањето
- Целосна доплата на аранжманот мора да се изврши најдоцна 10 дена пред тргнување.
- Во случај на отказ на еден од патниците, за сместување нема поврат на средства
- Агенцијата го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните капацитети по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени во ценовникот. Лицата кои го уплатиле аранжманот по ценовник немаат право на надомест на средства за разликата во цена.
- Агенцијата го задржува правото на промена на хотел/апартман во случај на технички причини или Overbooking, организаторот ќе го смести патникот според можностите во даден момент во објект од иста категорија или од повисока категорија без надомест
- Реализацијата на излетите е во зависност од временските услови, организаторот го задржува правото во случај на неповолни временски услови да ги откаже излетите или да направи промена во редоследот на факултативните излети. -Патувања кои се резервирани по цени за рано букирање или резервации во последен момент за отказ, без оглед на времето кога е откажано патувањето, се наплатува 100 % од уплатената сума.

Доколку патникот сака да го промени терминот пред денот на претходно потврденото поаѓање, доколку е можно организаторот ќе изврши промена на резервацијата и ќе наплати манипулативни-административни трошоци во износ од 10€ (евра), по пријава-договор

- За ова патување важат општите услови за патување